**УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ**
**SOLCOSERYL® / СОЛКОСЕРИЛ 4,15 mg /g гел**
(депротеинизиран хемодијализат од телешка крв)

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт. И покрај тоа, треба да го употребувате претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни податоци.
- Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 2 до 3 недели, тогаш мора да го известите Вашиот доктор.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува Солкосерил гел и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Солкосерил гел
3. Како да се употребува Солкосерил гел
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Солкосерил гел
6. Дополнителни информации за лекот

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА СОЛКОСЕРИЛ гел И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Солкосерил гелот како активна супстанција содржи дијализат од телешка крв.
Солкосерил гелот помага при заздравувањето. Солкосерил гелот не е масен и може да се мие со вода. Овозможува чистење на раните кои се влажни или се прилепува на раната и го забрзува заздравувањето. Може да се применува за мали повреди како што се гребеници, мали исеченици и гребеници (мали повреди), површински изгореници (прв и втор степен, како изгореници од сончање и од попарување) и смрзнатини (Пернио еритем).
Солкосерил гелот може да се применува и кај варикозни рани (венозни улцери на потколеницата) само доколку е препорачано од лекар.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ СОЛКОСЕРИЛ гел

**Немојте да употребувате Солкосерил гел:**
- сте алергични (преосетливи) на една или повеќе состојки на лекот.

**Бидете особено претпазливи со Солкосерил гел ако:**
Во случај да Ви се влошат локалните симптоми (болка, црвенило, гноење, треска) или ако нема подобрување за две до три недели, консултирајте се со Вашиот доктор.
Ве молиме известете го својот доктор или фармацевт ако
- имате друго заболување
- имате алергија

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА · СКОПЈЕ ·

- земате други лекови  (дури и лекови за автомедикација).

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале кој било друг лек, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*
- Интеракции со други лекови досега не се објавени.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Според досегашното искуство, не е познато за ризик на плодот кога лекот се зема според упатството за примена. Меѓутоа контролирани студии кај бремени жени не се направени. Како претпазливист, доколку е можно избегнувајте ја примената во текот на бременоста и доењето или побарајте совет од вашиот доктор или фармацевт.

**Важни информации за некои од состојките во Солкосерил гел**
Солкосерил маста содржи парахидроксибензоати (E216 и E218) и траги од слободна парахидрокси бензоева киселина (E210) кои можат да предизвикаат одложена алергиска реакција.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА СОЛКОСЕРИЛ гел

Ве молиме следете го дозирањето од ова упатство или како што ви препишал вашиот доктор. Ако не сте сигурни, консултирајте се со својот доктор или фармацевт.
Доколку поинаку не е препишано нанесете Солкосерил гелот во тенок слој на раната два пати дневно. Раните кои течат или гребнатинките треба да се покријат со чистavoj или да се исlistат со раствор за дезинфекција.
Траење на терапијата: до комплетно заздравување на кожата.

**Ако сте земале поголема доза Солкосерил гел отколку што треба**
Токсични ефекти од предозирање при примена на Солкосерил гел не се познати.

**Ако сте заборавиле да земете Солкосерил гел**
Пропуштената доза не претставува проблем.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови, и Солкосерил гел може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

Во многу ретки случаи може да се јави реакција на преосетливост.
Доколку забележите необична кожна реакција, прекинете ја терапијата и известете го вашиот доктор или фармацевт.
Студ и кратко печење може да се појави по апликација на Солкосерил гелот. Доколку печењето продолжи прекинете ја терапијата.

*Ако кој било од несаканите ефекти станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме за тоа да го известите Вашиот*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

*доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА СОЛКОСЕРИЛ гел

Да се чува на температура под 30°C.
Лекот чувајте го на места недостапни за децата!
Не го употребувајте Солкосерил по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето по " Употребливо до:". Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
По првото отворање лекот не смее да се користи повеќе од 28 дена ако се чува на температура под 25°C.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Солкосерил гел**

- *Активна супстанција:* депротеинизиран хемодијализат од телешка крв.

1 g гел содржи 4,15 mg депротеинизиран хемодијализат од телешка крв, хемиски и биолошки стандардизиран (пресметано на сува супстанција).
*Помошни состојки:* метил парахидроксибензоат (E218); пропил парахидроксибензоат (E216); карбоксиметилцелулоза натриум; пропилен гликол; калциум лактат пентахидрат; вода за инјекции.

**Изглед на лекот Солкосерил гел и содржина на пакувањето**
Солкосерил гел е безбоен до слабо жолтеникав, хомоген, бистар гел и со слаб мирис на Солкосерил (пријатен како месен бујон).
Кутијата содржи 1 туба со 20 g гел и упатство за пациентот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР).

**Број и датум на решението за промет**
__________ од _______________

**Носител на одобрението за ставање во промет**
Септима дооел - Скопје
ул. Сава Ковачевиќ 13 бр. 9
1000 Скопје, Република Македонија

**Производител:**

Meda Pharma GmbH & Co. KG, Benzstrasse 1, 61 352 Bad Homburg, Германија

**Упатството е одобрено ..............................**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ